РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 26 -12- 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | -139 | 1 | |

( Образец ПП……)

Општина Битола
**До:** ______________________________________
**(имател на информацијата)**

## **Б А Р А Њ Е**

## **ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР**

[redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ____________________
______________________________________________________________________
_ (се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

1.Што има преземено Општина Битола во изминматите 3 години за подобрување на кавлитетот на воздухот во Битола?

2.Што е преземено од Општина Битола годинава (2023) за подобрување на квалитетот на воздухот во Битола?

3.Испратете ми информации на што се греат јавните – локални и државни претпријатија и установи во Битола, за оние за кои имате информации како Општина? Дали Општината има таква евиденција?

4.Во текот на ноември и декември колку контроли се извршени во Општина Битола врз објекти кои загадуваат греејќи се на пластика и друг отпаден материјал? Дали се поденесени пријави, за што и колку на број?

______________________________________________
(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис ×
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон

- в) факс
- г) е-маил×
- д) друго ___________________________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Во Битола, 25, 12. 2023 година .** [redacted]

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за урбанистичко планирање
и заштита за животна средина

Бр.11-139/2
26.12.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-139/2 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:
26.12.2023

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

________________________

Евгенија Чукалева

________________________

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Кирил Мицевски
Раководител Општински инспекторат

Бр.11-139/3
26.12.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-139/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Евгенија Чукалева

Примил
27.12.2023

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Венцо Шишкин
Раководител на Одделение за економски развој

Бр.11-139/4
26.12.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-139/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

Евгенија Чукалева

Прими.
(за точка 3)
27.12.2023

ОПШТИНА БИТОЛА

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 29.12.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 139/5 | | |

**Сектор за економски развој, јавни дејности и информатичка технологија**
Одделение за економски развој

До
Лица за посредување при остварување
на слободен простап до информации
од јавен карактер

Бр.40/204
27.12.2023

Емилија Илиевска
Евгенија Чукалева

Предмет: Одговор на доставено барање за пристап до информации од јавен карактер

Почитувани,

По однос на прашањето бр. 3 – Информации на што се греат јавните – локални и државни претпријатија и установи во Битола, сите потребни податоци може да се најдат во Програмата за енергетска ефикасност на општина Битола 2024-2026 година, која е поставена на веб страната на општина Битола во папката Стратешки документи, или на следниот линк:

https://www.bitola.gov.mk/wp-content/uploads/2023/11/Programa-energetska-efikasnost.pdf

Изработил:
Емилија Сарафска

Одделение за Економски развој

Раководител:
Венцо Шишкин, дги

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 29.12.2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 139/6 | | |

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
Сл-31
27.12.2023 год.
Битола

До
Евгенија Чукалева
Лице задолжено за информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање врска предмет бр.11-139/2 од 26.11.2023 година

Во врска со Барање бр.11-139/1 од 26.12.2023 година, а се однесува на информации за тоа што се има преземено Општина Битола во изминатите 3 години за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух во Битола и што е преземено годинава 2023 за подобрување на квалитетот:

Мерките и активностите за заштита и унапредување на животната средина се од јавен интерес, Општина Битола е должна да планира соодветни активности и од својот буџет да обезбеди финансиски средства за таа цел.

Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина изготвува Годишна програмата за заштита на истата и преку програмата ги утврдува мерките за заштита на животната средина и природата на подрачјето на Општина Битола, конкретни активности во рамките на сите медиуми (воздух, водата и почвата) и областите на животната средина (отпадот, бучавата, природата, биодиверзитетот, климата...) и сите елементи кои претставуваат неделива целина од животната средина.

Донесување и Реализација на Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух 2023-2028 година. Општина Битола, како пилот општина избрана од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање и беше изготвен нов 5 годишен План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет, а истите се однесуваат на:

Оценување на квалитетот на амбиенталниот воздух кој се врши врз основа на редовни мерења преку државната мрежа, како и користење на техники за моделирање.

Законот за квалитет на амбиенталниот воздух ја утврдува обврската за изработка на План за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух во рамките на зони и агломерации .

Планот за подобрување на квалитетот на амбиенталниот воздух е изгласан од страна на Совет на Општина Битола во 2023 год. додека реализацијата и спроведувањето на мерките предвидени со Планот треба да се одвиваат во континуитет .

Дизајнирањето на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух започна во 1997 со Проектот: „Студија за Мониторинг систем за квалитетот на воздухот во Република Македонија"

Студијата ја опфати територијата на државата и се направи детален план за воспоставување на мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух.

На територијата на Општина Битола поставени се две мерни станици Битола 1 и Битола 2 преку кои секојдневно се следи квалитетот на амбиенталниот воздух.

Општина Битола преку Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина изработува дневни, месечни и годишни извештаи за следење дневните ПМ 10 концентрации согласно податоците на државниот автоматски мониторинг систем за квалитетот на амбиенталниот воздух преку мерни станици Битола 1 и Битола 2.

Општина Битола преку Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина врши континуирано информирање на јавноста за прашањата поврзани со квалитетот на воздухот (праг на алармирање и праг на информирање) .

При надминување на прагот на алармирање веднаш се врши препорака до правните субјекти (работодавци) да се ослободат од работни обврски бремените жени, лицата постари од 60 години, како и лицата со хронична асма, прележан миокарден инфаркт или мозочен удар, без разлика на возраста со препорака на матичен лекар да го реорганизираат работното време.

Со надминување на прагот на алармирање општината донесе одлука со која на граѓаните им се овозможи тридневен бесплатен превоз до скијачкиот центар Ниже поле во деновите со високо загадување во 2023 година.

Најчести надминувања на граничните вредности се во периодот на месец Декември и месец Јануар.

Општина Битола преку Годишната програма за животна средина ги стимулира граѓаните за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на своите домови кои минимално го загадуваат воздухот и почвата и им обезбедува поврат на дел од потрошените средства за печки на пелети, инвертер клима уреди.

- 2017 година субвенции за печки на пелети во висина од 5.600.196,00 денари
- 2018 година субвенции за печки на пелети во висина од 1.988.094,00 денари
- 2019 година субвенции за печки на пелети во висина од 499.710,00 денари
- 2019 година субвенции за инвертер клима уреди во висина од 2.500.000,00 денари – прв повик

  субвенции за инвертер клима уреди во висина од 2.500.000,00 денари – втор повик за граѓани кои не беа опфатени во приоритетната зона со Јавниот повик од Влада на РС Македонија (Зона Буковски мост, Зона Буковски Ливади,Зона АРМ четврт 1,2,3, Зона Бактериолошка, Зона Стрчин, Зона Станбена заедница број 1 и 2, Зона Брусничко/Лавчански регион дел 1,2,3,4, Зона Довлеџик, Куќи кај Франскуски гробиште, Населени места вон градот)

На редовната 159-та седница на 14.10.2019 година која се одржа во зградата на Општина Битола, Владата на РСМ соопшти дека на Општина Битола и се доделени 155.000.000,00 денари за субвенционирање на високоефикасни инвертер клима уреди.

Јавниот повик за доделување на средства за набавка и монтажа на високоефикасни инвертер клима уреди започна на 18.09.2020 година, и по завршување на истиот беа доделени 2500 клима уреди се со цел замена на тврдо и фосилно гориво и намалување на изворите на загадување водејќи грижа за здравјето на граѓаните.

После завршување на фаза 1 од Јавниот повик следеше доискорустување на средствата пришто беа доделени уште 183 инвертери.

Вкупниот број на доделени клима инвертери на Јавниот повик за искористување на средствата доделени од страна на Влада на РСМ е 2683, односно 2683 извори на загадување со Јавниот повик на Општина Битола се затворени.

-2021 година субвенции за инвертер клима уреди во висина од 1.800.00,00 денари

-2023 година субвенции за инвертер клима уреди во висина од над 4.000.000,00 денари

Како новина во 2018 година за првпат отворен е јавен повик за стимулирање на граѓаните да користат превозно средство - велосипед се со цел минимално загадување на воздухот и им обезбеди поврат на дел од потрошените средства.

- 2018 година субвенции за велосипеди во висина од 581.299,00 денари.
- 2020 година субвенции за велосипеди во висина од 1.000.000,00 денари.
- 2021 година субвенции за велосипед во висина од 1.400.000,00 денари
- 2022 година субвенции за велосипед во висина од 1.000.000,00 денари

Општина Битола во 2020 година поднесе Иницијатива за еднострано раскинување на Договор за концесија за експлоатација на неметални суровини на локалитетот Билбил Камен во Општина Битола и истата беше одземена со Одлука на Влада за еднострaн раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - гранит на локалитетот „ Билбил Камен„ Општина Битола Сл.Весник 280/21.

Изработка и имплементирање на ЛЕАП, согласно чл. 61 од Законот за Животна средина ЛЕАП е развоен стратешки документи за состојбите, за идентификување на слабостите и за предлагање мерки и активности за подобрување на состојбите.

Донирани 67 прочистувачи за воздух за детските градинки во Битола

Здравата и чиста животна средина е главен услов за изградба на здрави поколенија и обезбедување на непречен воспитно – образовен процес во кој младите поколенија ќе можат да ги развиваат своите потенцијали, интелектуално да се надградуваат, но пред се да се воспитуваат. Алармирани од актуелната состојба со загаденоста на воздухот, Општина Битола и приватниот сектор, обезбедија 67 прочистувачи за воздух за сите детски градинки на подрачјето на општината, со што реализирана е иницијативата на родителите, а обезбедени се подобри услови за згрижување и воспитание на децата од предучилишна возраст.

Општина Битола беше избрана како пилот општина за реализација на Проектот „ Поддршка на локалните самоуправи на Република Северна Македонија во промоција на одржлива урбана мобилност„ за отпочнување на постапка за изработка на стратешки документи за одржлива урбана мобилност се со цел за „одржлив транспорт„ и определба за „одржлива мобилност„ во насока на подобрување на животната средина и намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух. Во рамките на овој проект Општина Битола нарача проекти за изработка во брза постапка како една од мерките за

намалување на загадувањето со кои ќе се изврши фаворизирање на пешачкиот и велосипедскиот сообраќај и ќе се отфрли моторниот сообраќај во дел од централното градско подрачје. Покрај долгорочните предвидени се и краткорочни мерки за брзо постапување со минимални финансиски средства, а се однесуваат на релокација на дел од улиците во градот- просторот резервиран за коловоз за автомобили ќе се пренамени во велосипедски патеки.

Воведување на еднонасочен сообраќаен режим во централното градско подрачје.
Воведување на пешачки зони на места каде што биле коловозни ленти за автомобили - укинување на постоечки сообраќајници.
Насоки за намалување на бројот на возила и нивната фрекфенција низ потесното градско јадро.
Насоки за намалување на брзината на движење на возилата оформување на зона 10 и зона 30 во близина на основни и средни училишта како и во потесното градско јадро
Насоки за зголемување на бројот на паркинг места за нивна полесна достапност.
Се со цел за намалување на бучавата и загаденоста на централното градско подрачје, а зголемување на мобилноста и проточноста на сообраќајот.
Активна имплементација и контрола на веќе воведениот сообраќаен режим за тешки товарни возила и користење на постоечките обиколници
Согласно Годишните програми за животна средина за 2022 и 2023 година изработен е Зелен катастар во кој што попишани се дрвјата во централното градско порачје како и дел од дрвјата на потегот ул. Партизанска, ул.Социјалистичка революција и ул.Довлеџик.
Пописот на дрвјата продолжува и во наредните Програми за целосен увид на дрвјата на територијата на општината, а ажурирањето на истиот го врши ЈП Комуналец.
Во 2020 година општината изработи и Катастар на загадувачи во кој што целосно се зафатени сите помали загадувачи и оператори со Б интегрирани дозволи, со наредните програми за заштита на животната средина ќе се направи ажурирање на капацитетите на територијата на општина Битола.

Општина Битола потпиша договор со делегација на ЕУ за реализација на проектот "EU for Clean AIR". Овој проект е дел од програмата на Европската унија за претпристапна помош – ИПА 2021, а се однесува за проекти за подобрување на квалитетот на воздухот во Битола. Според проектот во Битола предвидени се следниве активности: подобрување на систем за греење на јавни установи, озеленување на простор преку садење на дрвја.

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: Љубо Атанасовски диа

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

м-р Валентина А. Кривашија диа

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА
СЕКТОР - ОПШТИНСКИ ИНСПЕКТОРАТ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 04-01-2024 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 139/7 | | |

Бр. 52-02
03.01.2024

До
Емилија Илиевска и Евгенија Чукалева
Сектор за правно-нормативни, административни и општи рработи
Одделение за административни и општи работи

Предмет: Одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер

Врска: Ваш Бр. 11-139/3 од 26.12.2023

Одговор на барањето во делот од моја надлежност - точка 4:

Како Овластен инспектор за животна средина вршам надзор на инсталациите кои се опишани во член 4 став 1 точка 27 од Законот за квалитетот на амбиентниот воздух (Службен весник на Р.Македонија бр. 67/04, 97/07, 35/10, 47/11 и 163/13) и се во моја надлежност пропишана со член 68 од истиот Закон. Во текот на ноември и декември 2023 г. кај овие инсталации не е утвредено дека некој се грее на пластика или друг отпад.

Во текот на ноември и декември 2023 г. до овој инспекторат поднесена е една пријава за наводно горење на отпад во станбен објект. Греењето во станбени објекти не е во моја надлежност, односно немам право да влегувам во приватни објекти и да утврдувам дали некој се грее на пластика или други отпадни материјали.

Јулијана Ивановска
Овластен инспектор за животна средина

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-139/8
05.01.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **26.12.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од [redacted] по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање **(Што има преземено Општина Битола во изминатите 3 години за подобрување на квалитетот на воздухот во Битола? детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-139/1 од 26.12.2023
2. Допис до Одделение за урбанистичко планирање и заштита за животна средина бр. 11-139/2 од 26.12.2023 година.
3. Допис до Раководител на Општински инспекторат бр. 11-139/3 од 26.12.2023 година.
4. Допис до Одделение за економски развој бр. 11-139/4 од 26.12.2023 година.
5. Одговор од Одделение за економски развој бр.11-139/5 од 29.12.2023
6. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита за животна средина бр.11-139/6 од 29.12.2023
7. Одговор од Овластен инспектор за животна средина со бр. 11-139/7 од 04.01.2024 година.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 05.01.2024 година, под бр. 11-139/8.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап**
**до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

______________________

**Евгенија Чукалева**

______________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА